| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | „Моето семејство, мое најголемо богатство“ |
| **Содржина На денот** | „Јас, мама, тато...“ |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Виолета Гакевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики:** | Редовно оддржување на растојание додека сум надвор од домот, често и правилно миење на рацете.(слика1,2). |
| **Активности:** | Разговарајте со Вашето дете за просториите во Вашиот дом, преку прашања од типот:Каде спиеме? Каде јадеме? Каде гледаме телевизија, итн-(слика 3,4, 5). Тоа можете да го направите преку едноставна игра:„Возот патува“. Играта се состои во тоа што Вие ќе бидете локомотива, а Вашето дете е вагон. Преку песничката,која можете да ја рецитирате или да ја потпевнувате: „Возот тргнува, машината кружи ајде Марија (изговорте го името на детето), со мене да се дружиш“. Одете во секоја просторија и потенцирате му на детето-тука спиеме, ова е нашата спална соба, тука јадеме, ова е нашата трпезарија итн- (слика 6).<br>Во склоп на оваа активност можете да ја играте и играта „Играчката патува“, која ќе Ви помогне детето на забавен начин да ги научи просториите во домот. Пр: Може ли да ја избањаме куклата? - Ајде да ја однесеме во бањата.<br>На куклата и се спие. - Ајде да ја однесеме куклата во спалната соба. |